**20230971827**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 53 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА, КАКО И УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО И СЕМЕЈСТВОТО ЗА ПРАВАТА ДЕТСКИ ДОДАТОК, РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ДЕТЕ И ДОДАТОК ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Правилникот за поблиските услови и начинот на остварување на правата за заштита на децата, како и утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството и семејството за правата детски додаток, родителски додаток за дете и додаток за образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19, 116/19, 234/20, 222/21 и 24/22), членот 12 се менува и гласи:

„(1) Ако во наодот и мислењето за функционална проценка издаден од Службата за функционална проценка при Јавната здравствена установа – Здравствен дом Скопје (во натамошниот текст: Службата) бил препорачан контролен преглед односно -проценка, се поднесува нов наод и мислење за функционална проценка.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, од страна на центарот за социјална работа најдоцна еден месец пред истекот на датумот на контролниот преглед односно проценката, писмено се известува корисникот на правото дека треба навремено да го достави наодот и мислењето за функционална проценка.

(3) Ако новиот наод и мислење од ставот (1) на овој член, не се поднесе и по писменото известување од ставот (2) на овој член, користењето на правото на посебен додаток престанува, освен во случаите кога од оправдани причини (болест, или лекување на детето, или од оправдани причини Службата за функционална проценка не можела навреме да изврши преглед контрола-проценка), корисникот на правото не бил во можност навремено да ги достави, во кој случај постапката се запира се до донесување на нов наод и мислење за функционална проценка издаден од Службата за функционална проценка.

(4) За оправданите причини од ставот (3) на овој член, корисникот на правото најдоцна 15 дена од денот на настанувањето на оправданите причини, писмено го известува надлежниот центар за социјална работа и доставува доказ (потврда) за оправданата причина издаден од Службата за функционална проценка.“.

Член 2

Во член 13 во ставовот (3) зборовите „специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот“ се заменуваат со зборот „попреченост“.

Во ставот (5) зборовите „специфични потреби кое има пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот“ се заменуваат со зборот „попреченост“.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 11-3574/1
3 мај 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.